Pandev, Dimitar

**Примената на јазичните теории од Прашката школа во македонската лингвистика**

In: *Studia macedonica II.* Dorovský, Ivan (editor). Vydání první Brno: Masarykova univerzita, 2015, pp. 73-81

ISBN 978-80-210-7959-5

Stable URL (handle): https://hdl.handle.net/11222.digilib/134293
Access Date: 29. 11. 2024
Version: 20220831

Terms of use: Digital Library of the Faculty of Arts, Masaryk University provides access to digitized documents strictly for personal use, unless otherwise specified.

MUNI ARTS Masarykova univerzita Filozofická fakulta

Digital Library of the Faculty of Arts, Masaryk University
digilib.phil.muni.cz

# Примената на јазичните теории од Прашката школа во македонската лингвистика

Димитар Пандев

Во претставувањето на оваа тема имаме предвид дека:
1. **Прашката школа** (лингвистичка школа активна од 1926 до 1939 односно до 1950 и со извесни прекини продолжително до денес) е една од најотворените (славистички и) лингвистички школи во која се сосредоточиле претходните лингвистички тези, учења и теории од славистиката (првенствено од чешката, пошироко – западноевропската) и од лингвистиката (од историската, како и од формалистичките проучувања на јазикот и литературата во прогресивните руски центри) и од која започнал развојот на светската лингвистика.
2. **Македонската лингвистика** (национална лингвистика со свои матични научни центри почнувајќи од 1946 година, со основањето на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј", до денес) е една од најотворените национални лингвистички дисциплини во која наоѓаат соодветна примена голем број лингвистички тези, учења и теории од различни лингвистички школи и правци, меѓу другото и поради податокот дека македонската јазична проблематика била и е предмет на постојан интерес на славистиката и на лингвистиката. Во тој контекст, и на прашките проучувања! Впрочем, речиси сите претходни проучувања на македонската јазична проблематика претставувале неодминлив извор при натамошните проучувања во македонистиката.

Односот македонска јазична проблематика – Прашка школа е еквивалентен на односот јазичен материјал – јазична теорија во онаа смисла во која македонскиот јазик дава илустративен материјал за повеќето јазични теории од Прашката школа, т.е. јазичните теории од Прашката школа овозможуваат прецизно претставување на македонскиот јазик како функционален систем.

Тезите и јазичните теории на Прашката школа не само што биле прифатливи туку и се прифатени и се елаборирани во македонистиката, независно дали им биле познати на македонските лингвисти од пошироките извори врз кои се засновува Прашката школа (особено од славистичките, како и од формалистичките проучувања) или, пак, нагледно / директно од прашките

проучувања, како и од влогот на Прашката школа во светската лингвистика (особено, на пример, во социолингвистиката).

Во тој контекст, пред нас се отвораат две клучни прашања за патиштата на идеите во лингвистичките школи и центри, имено дали се работи за интерференција (од еден центар во друг, т. е. од Прашкиот во Скопскиот) или, пак, за аналогија (која повторно подразбира веќе обработен модел). Во секој случај, лингвистите што го трасирале патот на македонската лингвистика ја одбрале вистинската насока, а таа се поклопила со идеите во Прашката школа (за кои не можеме да потврдиме дека биле којзнае колку актуелни во почетниот период на македонската лингвистика, т. е. од државотворната кодификација на македонскиот јазик (1944) и озаконувањето на македонскиот правопис (1945) до првите синтетизирани научни резултати преточени во *Македонскиот правопис со правописен речник* (1950) од Блаже Конески и Крум Тошев и *Граматиката на македонскиот литературен јазик* (1952–1954) од Блаже Конески, па сè до целосното издавање на *Речникот на македонскиот јазик* (1965).

Во таа смисла, при образложувањето на темата за примената на јазичните теории од Прашката школа пред нас се отвораат најмалку два меѓусебно блиски и поврзани пристапи, што не ја исклучува можноста од субјективно разгледување на односот меѓу Прашката школа и македонската лингвистика:
1. Да се разгледа развојот на македонската лингвистика од аспект на поставените тези на Прашкиот лингвистички кружок (сп. Theses. *Travaux du cercle linguistique de Prague I*. Prague 1929) при што првенствено би се имал предвид почетниот период од развојот на македонската лингвистика.
2. Да се разгледа развојот на македонската лингвистика од аспект на постигнувањата на Прашката лингвистичка школа од првите студии на прашките лингвисти (независно дали исклучиво како прашки лингвисти, или во поширока смисла, имајќи предвид дека дел претходно им припаѓале на други школи, а дел, па дури и исти, го имаме предвид првенствено Роман Јакобсон, подоцна претставувале и други школи, во кои дополнувале дури и исти тези), како и на лингвистите кои на кој било начин гравитирале кон Прашката школа. Во овој контекст, ги имаме предвид претставувањата на Прашката школа во повеќе прегледи на историјата на лингвистиката (вклучувајќи ги и македонските). Во оваа посока, ги имаме предвид достигнувањата на македонската лингвистика во период од 70 години, т. е. од 1944 г., т .е. од првите јавни настапи пред широка публика на македонските филолози (пред сè, на Блаже Конески) до денес, кога на полето на македонскиот јазик заемно работат научници кои гравитираат кон повеќе научни институции.

Во таа посока, олеснувачка околност претставуваат македонските студии во кои се наведувени прашки извори, а отежнувачка, оние во кои отсуствуваат. Веднаш нагласуваме: преовладуваат првите! Се разбира, предвид треба

да се имаат и можните (теориски) синтези во претставувањето на определена проблематика.

Во овој реферат, првенствено се задржуваме врз првиот пристап, при што отвораме можност вториот да биде предмет на понатамошно разгледување.

Во таа смисла, оваа тема се вклопува во едно пошироко разгледување за односот на македонската лингвистика (и литературна наука) кон современите лингвистички (и литературни) проучувања (која би била составен дел од една историја на македонската лингвистика).[1]

Во претставувањето на оваа тема не ги исклучуваме и нашите лични сознанија за односот на македонските лингвисти кон достигнувањата на прашката лингвистика. Притоа, (лично) особено ги имаме предвид:

- честопати повторуваниот исказ на Божидар Видоески дека за учењето за фонемата првпат чул дури во 1959, кога веќе бил доцент на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици. Забележуваме: со овој исказ Видоески ја истакнува приврзаноста кон методологијата на традиционалната лингвистика во претходниот период, во обработката на јазичниот материјал;
- дел од текстот *Еден опит* на Блаже Конески, што првобитно ни е од познат од неговиот јавен настап во Домот на младите во 1980 г. (денес Младински културен центар), а потоа и од печатената верзија во *Стари и нови песни* (1980), во кој Блаже Конески пред преполна сала зборува за „За традицијата и иновациите", за триаголникот традиција – колектив – автор, за речевата дејност, за вонречевата активност, за автоматизацијата и за актуализацијата. Изделуваме: овој настап на Конески заедно со печатениот текст, како и претходните интерпетации на Конески на овие теми, извршија силно влијание врз редица македонски литературни критичари, особено врз Атанас Вангелов и врз дел од неговите воспитаници (Венко Андоновски, Кристина Николовска...);
- постојаното навраќање по разни поводи (и во пишувана и во говорена форма) на Благоја Корубин кон разгледувањето на литературнојазичната норма во Прашка школа. Корубиновите забелешки претставуваат трајна инспирација за проучување на македонската литературнојазична норма кај редица македонски лингвисти, независно од нивната потесна лингвистичка специјалност. Истакнуваме: Благоја Корубин се пројавува како безрезервен афирматор на идеите од Прашката школа во македонската лингвистика. (Напомнуваме: овие прашања биле предмет на интерес уште од самата кодификација, но поврзувањето на Прашката школа со оваа проблематика се следи преку статиите на Б. Корубин почнувајќи од: *За литературнојазичната норма врз примерот на македонскиот литературен*

1 Сп. Пандев, Димитар: *Вовед во македонистиката*. Скопје 2009.

*јазик*, прочитан прво како реферат на XI годишно собрание на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература, одржано во мај 1973, во Скопје, а потоа објавен во *Литературен збор XX*, кн. 2, 1973, како и во третата книга на Корубин *Јазикот наш денешен* (1980). Оваа статија започнува со следниот воведен параграф: *„Од дваесеттите-триесеттите години на овој век означени во областа на лингвистичките проучувања на литературниот јазик како посебна формација (и феномен воопшто) најмногу со дејноста и концепциите на т. н. Прашка лингвистичка школа (Прашки лингвистички кружок) – па наваму, проблемот на литературнојазичната норма добива во науката за јазикот сè поширок и позадлабочен третман.“*

Дополнуваме: Корубин толку се соживува со прашките теории, што слободно можеме да го приопштиме во поширокото сфаќање на поимот „Прашка школа“.

Во овој контекст наведуваме и дел од првоприопштените текстови за Прашката школа во македонската лингвистичка периодика:

– статијата на Милка Ивиќ *Денешните правци на работа во лингвистиката* (*Литературен збор VIII*, бр. 4, 1961, во превод на Трајко Стаматовски). Одбележуваме: оваа статија ѝ претходи на култната книга во поранешна Југославија *Правци во лингвистиката* (прво издание: Љубљана 1961) и претставува реферат читан на III конгрес на југословенските слависти во Љубљана. Во овој реферат е претставен структурализмот во светската лингвистика, но и веќе посочениот традиционализам во тогашните југословенски лингвистички центри во претходните децении;
– статијата на Људмил Спасов *Бохуслав Хавранек и Прашкиот лингвистички круг*, придружена со фрагменти од студијата на Бохуслав Хавранек *Задачи на литературниот јазик и неговата култура* во превод на Живко Цветковски, објавени во *Литературен збор*, бр. 1, Скопје 1983.

Теориите на Прашката школа синтетизирано се претставени и во книгите на Лилјана Минова-Ѓуркова *Стилистика на македонскиот јазик* и на Димитар Пандев *Вовед во македонистиката* (2009) и *Општа реторика* (2013).

**Македонскиот јазик во македонската лингвистика (од аспект на тезите на Прашкиот лингвистички кружок)**

Тргнувајќи од поднасловите на образложенијата на Прашките тези, го насочуваме нашиот интерес кон воведните пристапи во нивните разгледувања во македонската лингвистика:

**Проблеми на методот што произлегуваат од претставата за јазикот како систем и нејзиното значење за словенските јазици**

а) **Претставата за јазикот како функционален систем**. Со Прашката школа, словенската лингвистика го претпочита современиот комплекс

проблеми за јазикот како систем од средства за изразување што служат за определена цел. Во овој комплекс се сосредоточува и структурализмот во Прашката школа, како и функционализмот. Притоа, функционализмот се пројавува уште во првите граматичките проучувања на Блаже Конески, а структурализмот отпосле се зацврстува во подоцнежните дијалектолошки проучувања на Божидар Видоески.

б. **Задачи на синхронискиот метод и неговиот однос кон дијахрониски-от метод.** Блаже Конески не поставува строга преграда меѓу синхронискиот и дијахронискиот метод во проучувањето на македонскиот јазик како функционален систем. Во примената на двата метода се согледува функционалниот пристап кон јазичните единици, кој се надополнува со стилистичкиот. Овој однос е евидентен кај речиси сите македонски лингвисти од школата на Блаже Конески.

в. **Нови можности за примена на споредбениот метод.** Блаже Конески во својата *Историјата на македонскиот јазик* (1965) прецизно ги применува можностите на споредбениот метод во проучувањето на македонскиот јазик наспроти соседните јужнословенски и балкански јазици, бездруго, во согласност со заложбите на Прашките лингвисти. Истакнуваме, парафразирајќи ја Тезата: споредбеноисторискиот метод со својот атомистички пристап ја обезличувал целината на јазиците како системи со сопствена структура, па во овие проучувања лесно можела се затемни посебноста на кој било од меѓусебно сродните јазици. Со новите можности и за типолошко проучување и на сродните и на несродните јазици јасно се покажуваат системните стремежи во развојот на македонскиот јазик и се воспоставува соодветна хронологија на податоците од македонскиот јазик. Заслуга на Блаже Конески е што ја посочил широчината на примената на споредбенојазичната типологија, а доблест на македонските лингвисти е што ја прифатиле.

Притоа, во македонската лингвистика особено внимание им се посветило на балканистичките проучувања на македонскиот јазик, посебно во студиите на Оливера Јашар-Настева како и на Петар Илиевски, кои на балканската јазична проблематика ѝ пристапувале и од поширока теориска основа.

г. **Закони на врска појавите во јазичната еволуција.** Според оваа теза, всушност, им се оспорува актуелност на поранешните сфаќања за распростирањето на јазичните појави, како и за проблемот на расчленување на „општиот прајазик“, а како основен критериум за единството на јазикот се истакнува односот на говорниот колектив кон јазикот.

Оваа (во основа структуралистичка, а по природа – функционалистичка) тема го наоѓа својот одраз во беспрекорно остварената врска меѓу македонскиот народен јазик и македонската (црковна, народна и уметничка) литература, т. е. меѓу македонскиот говорен колектив и неговото творештво. Таа наоѓа своја застапеност уште во првите статии на Блаже Конески, при што

јасно е изложена во неговите *Граматика на македонскиот јазик, дел I* (1952) и особено во *Македонската литература во 19 век (краток преглед и текстови)*, второ издание 1952 г.

Земени во целост, големиот број монографии, студии и статии од областа на историјата на македонскиот јазик во македонската лингвистика јасно истакнуваат дека сè во историјата на македонскиот јаизк е резултат на закономерна врска, а преку стремежите во развојот јасно се изделува македонскиот од соседните словенски јазици, со што се отвораат следните задачи што произлегуваат од Тезите:

**Задачи што се појавуваат при изучувањето на јазичниот систем и на словенскиот систем поодделно.** Македонскиот јазик се претставува како оформен систем кој ги илустрира поставките на прашкиот структурализам (врз основа на теоријата на опозиции и теоријата на дистинктивни признаци дава примери за теоријата на неутрализација, како и за теоријата на празно место, отпосле дефинирана, во согласност со теоријата на информацијата, од Р. Јакобсон). Забележуваме, позитивистичките пристапи ги пренебрегнуваат овие сознајби, од суштинско значење за функционирањето на кој било јазик. Решавањето на овие задачи илустративно ги претставуваме со два примера:

1. *„Во говорите во кои **ѕ** останало во системот, системот на африкатите останал несиметричен сè дури преку заемки од турскиот не се усвоила фонемата **џ**. Денеска, иако функционалната вредност на **ѕ** е заправо повеќе од незначителна, ние го чувствуваме како нарушување на нормата изговорот на **з** на негово место.“*[2]

*2. „Охридскиот говор познава шесточлен вокален систем во кој фонемата (**ӑ**) исто така образува корелативни парови со (а, е, о) по признаците затвореност, задност, незаокруженост.“*[3]

*а)* **Функции на јазикот**: Според наше мислење, поставката дека „соодветно со функциите на јазикот и на неговите форми се менува гласовната и граматичката структура на јазикот и на неговиот лексички состав“ најдетаљно ја елаборирал (во прашка смисла) Блаже Конески, а најцелисходна примена дале, од лингвистички аспект, Ружа Паноска и Оливера Јашар-Настева, а од поетички аспект Александар Спасов, Милан Ѓурчинов и Атанас Вангелов.[4]

Анализата на механизмот на поетската функција ја отвора темата за промената на јазичната структура под влијание на функционалноста на македонскиот јазик. Оваа анализа се проследува кај повеќе македонски лингви-

---

2 Конески, Блаже: *Историја на македонскиот јазик* Скопје 1982, с. 81.

3 Видоески, Божидар: Фонемата (ӑ) во македонскиот дијалектен јазик. *Македонски јазик 32–33*, 1981–1982, с. 95–110.

4 Ова прашање подетаљно сме го претставиле во повеќе статии, сп. Пандев, Димитар: Претставувањето на македонистика на славистичките конгреси. *Контекст*, бр. 10/2013.

сти, почнувајќи од Б. Конески, Р. Паноска и О. Ј. Настева, како и кај македонски литературни критичари и теоретичари: А. Спасов, М. Ѓурчинов, А. Вангелов, К. Ќулавкова, В. Андоновски, К. Николовска.

Во таа посока, особен предмет на интерес е и еуфонијата, меѓу другото и во врска со односот меѓу тропите и фигурите. Оваа тема освен на современ план, во македонската лингвистика се разгледува и врз постари текстов,-[5]при што се отвора простор за разгледување на врската меѓу литературноста и звуковноста (еуфонијата).

б) **Литературен јазик**: Научната елаборација на задачите поврзани со македонскиот литературен јазик започнала речиси веднаш по неговата кодификација. Всушност, ако ги исклучиме јавните настапи по принципот екс катедра, дискусиите околу македонскиот правопис (1944/45 г.), бездруго, се и први научни расправи во македонската лингвистика. Од аспект на нашата тема, сметаме дека решенијата за Правописот се во духот на Прашката школа, при што го имаме предвид сфаќањето за односот меѓу говорената и пишуваната форма на јазикот, а нивното совпаѓање со Мисирковите правописни погледи упатуваат на пошироката (формалистичка) основа на Прашките идеи.

Прашките идеи (со нивната поширока историска подлога) јасно се забележуваат уште во првата синтетизирана научна статија на Б. Конески *За македонскиот литературен јазик* која е заклучен дел од брошурата *Македонската литература и македонскиот литературен јазик* напишана во мај 1945 и наскоро по тоа објавена: „*Денеска македонскиот литературен јазик влезе во периодот на своето полно оформување. Ние имаме веќе создаден поетски јазик, доволно нијансиран да може да предаде сложни преживувања. Другите функции на нашиот јазик, во публицистичката и научната реч, исто така сѐ поблиску се определуваат.*“ Бездруго, исказот „поетски јазик“ кореспондира со Прашките тези, исто како и теоријата за стилска диференцијација на литературниот јаизк, т. е за функционални стилови.

Тезата за литературниот јазик (заедно со теориите за структурноста и функционалноста на јазикот) доаѓа до израз и во учебникот на Радмила Угринова-Скаловска *Старословенски јазик* (прво издание: 1970). Имено, овој учебник започнува со реченицата: „*Старословенскиот јазик е најстар словенски литературен јазик.*“ Истакнуваме, изучувањето на старословенскиот како литературен јазик е доблест на Прашката школа. Имено, станува збор за јазик со доминантна (црковна) функција, кој во својата појава функционирал како монофункционален. Од една страна, тоа било предизвик за Пражаните, а од друга страна можност за неоткажување од славистичката традиција. Прашката терминологија кај Угринова-Скаловска се забележува

5 Сп. од поновите студии: Црвенковска, Емилија: Стилот плетение во оригиналните дела и во преводите на Климент Охридски. Во: *Македонский язык, литература и культура в славянском и балканском контексте*. Москва 1999, с. 135–144.

и во истакнувањето на потребата за денешно изучување на староcловенскиот јазик: „*Без познавање на целосната структура на старословенскиот јаизк не можат да се објаснат многу појави од современиот македонски јазик, а ни од другите словенски јазици.*“ Во оваа реченица се проследува и непоставувањето строга граница меѓу синхронијата и дијахронијата.

в) **Поетски јазик**: Проучувањето на поетскиот јазик била опсесивна тема на Конески уште од првите негови статии, но овој негов интерес особено доаѓа до израз во неговата монографија *Јазикот на македонската народна поезија* (Скопје 1971), во која меѓу другото ја поставува дихотомијата обичен јазик – поетски јазик врз примери од македонската народна поезија, и што е уште поважно врз примери од нејзиното влијание врз современата македонска поезија. Во таа посока, Конески, особено го нагласува стремежот на Гане Тодоровски за „понародување“ на поетскиот исказ. Според Конески, „*Тодоровски се свртува кон разговорниот јазик, кон просторечието, со цел да ја обнови лексиката на својата поезија*“. Применетата анализа и користената терминологија во оваа статијата упатуваат и на самите Прашки тези.

**Принципи на лингвистичката географија, нивната примена кон етнографската географија и врска со неа на словенската територија.** Односот меѓу јазичниот центар и јазичната периферa во македонската лингвистика бил предмет на исцрпна структуралистичка и (етнолингвистичка) анализа (и интерпретација) на Божидар Видоески, кој особено се залагал за прецизно дефинирање на македонскиот дијасистем. Освен територијалната дијалектологија, на Видоески не му била туѓа ни социјалната дијалектологија.

Од друга страна, дека овие проучувања не биле цел самите за себеси, зборува и отвореноста на македонската лингвистика кон ОЛА (Општословенски дијалектен атлас) и сл.

**Значењето на функционалната лингвистика за културата и критиката на словенските јазици.** Во македонската лингвистичка средина особено внимание ѝ се посветува(ло) на културата на јазикот (и на говорот), со особено внимание врз правилниот избор на одредени лексички единици, како и врз збогатувањето на речник и на неговаата стилистичка разнообразност, без особен јазичен пуризам. На овој начин се овозможува развој на сите функционални стилови. Македонската лингвистика постојано ги следела и ги сите следи сите современи промени во развојот на македонскиот литературен јазик.

## Заклучок

„Тезите на Прашкиот лингвистички кружок“ нашле своевидно место во почетоците на македонската лингвистика, поетски кажано, по оној ист

принцип што Б. Конески го наведува (и го елаборира врз соодветни примери од литературата) во својот есеј *Излегол сејачот да сее*: *„Доста е вкоренета претставата да се сфаќа влијанието и посебно литературното влијание, како некаков механички процес. (...) Но, доволно е да се замислиме, да го напрегнеме нашето влијание кон различните видови во кои може да се јавува еден контакт...*"[6]

Од друга страна, во подоцнежниот развој на македонската лингвистика, кога таа забележливо ги прифати современите текови во светската лингвистика, меѓу другото и преку нивно експлицитно цитирање, значаен удел имаат и јазичните теории и методологии на Прашката школа, како и нејзината терминологија. Оваа тема, бездруго, бара подетално и посистематизирано претставување.

## Použití jazykových teorií pražské školy v makedonské lingvistice

V příspěvku jsou popsány vzájemné vztahy mezi Pražském lingvistickém kroužkem a makedonskou lingvistikou (z prvních desetiletích jejího vývoje), při čemž potenciální vlivy se pozorují na základě „Tezí Pražského lingvistického kroužku" a lingvistických teorií, které vznikají z nich.

## The appliance of the language theories from the Prague school into the Macedonian linguistics

This paper is about the co-relations between the Prague school and the Macedonian linguistics (in the first decades of its development), giving the possible influences from *Theses. Travaux du cercle linguistique de Prague* and the language theories that come from the thesis.

6 Сп. Конески, Блаже: *За литературата и културата*. Скопје 1981, с. 228–231.